РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5399/2
30-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата со број 12-5399/1 од 21.11.2023 година, доставена од познати подносители против Министерството за финансии-подрачна единица-Неготино, со укажување за донесување на противзаконско решение за приватизација на градежно неизградено земјиште КП --------/-- запишана од имот во сопственост на Република Македонија, во имот во сопственост на ДПТУ ------------------------ дооел експорт-импорт Скопје, на начин што истото земјиште со површина од 153 м2 преку солемнизиран договор за купородажба на недвижен имот ОДУ бр.---------/--- од 18.01.2020 година се запишал во сопственост на ------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување по предметните наводи.

Предметот со број 12-5399/1 од 21.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 21.11.2023 година поднесена е пријава од познати подносители против Министерството за финансии-подрачна единица Неготино, со укажување за донесување на противзаконско Решение за приватизација на градежно неизградено земјиште КП ---------/-- запишана од имот во сопственост на Република Македонија, во имот во сопственост на ДПТУ „----------------------------------" дооел експорт-импорт Скопје, на начин што истото земјиште со површина од 153 м2 преку Солемнизиран договор за купородажба на недвижен имот ОДУ бр.---------/---- од 18.01.2020 година се запишал во сопственост на -------------------, кој наводно бил сопственик на ДПТУ„------------------------------------" дооел експорт-импорт Скопје. Според подносителот со постапката за приватизација на горенаведената површина бил продаден и дел од постоечка улица „------------------------" што е спротивно постоечките правни акти во државата.

Од ДКСК се бара да извести дали било преземено нешто од страна на сите инволвирани страни и да ги прогласи за ништовни преземените дејствија од 2020 година наваму.

При разгледување на пријавата ДКСК утврди дека нема надлежност да постапува по наводите за поништување на претходно преземени дејствија што се однесуваат на имотно правни работи со оглед дека поништувањето може да се спроведе со правосилна судска одлука.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk